View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

Министерство за одбрана на
Република Македонија

Генералштаб на Армијата на
Република Македонија

Здружение на ветерани и резервисти од одбраната и
безбедноста на Република Македонија

# Улогата на активниот состав и на резервата на вооружените сили во поддршката на нивните мисии и задачи во регионалната и глобална безбедносна средина во 21-от век

**Меѓународна научно-стручна конференција**
**Дом на Армијата на Република Македонија-Скопје**

**22 - 23 април 2012 годин**

## *Организатор на конференцијата*

**Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија**

## *Покровители на Конференцијата*

**Министерство за одбрана на Република Македонија**
**Генералштаб на Армијата на Република Македонија**

## *Почесен одбор:*

**Д-р Фатмир Бесими Министер за одбрана**
**Генерал мајор Горанчо Котески Началник на ГШ на АРМ**

## *Уредувачки одбор:*

**Претседател:** генерал мајор (п) професор д-р Ристо Дамјановски

Членови
Вонреден професор д-р Стојан Славевски
Бригаден генерал д-р Димче Петровски,
Полковник доцент д-р Методија Дојчиновски,
Потполковник доцент д-р Мотоди Хаџи-Јанев,
Доц. д-р Фросина Ташевска-Ременски
Генерал потполковник (п) Митре Арсовски
Генерал мајор (п) м-р Саби Сабев

## *Организационен одбор:*

**Претседател:**
Генерал (п) Илија Николовски

**Членови:**
Генерал потполковник (п) Туши Зехедин
Генерал потполковник (п) Драган Андрески
М-р Фердинан Оџаков
Полковник (п) Блажо Копачев
Полковник (п) Златко Ончевски
Полковник Кемо Ѓозо виш предавач
Потполковник Никола Клетников предавач

## ДЕН: 22.04.2012 година

**15:00 - 18:00** **Пристигнување на гостите од странство и сместување во хотел „Континентал„**

**18:00 – 18:30** **Регистрација на учесниците од странство**

**18:30 - 18:45** **Подготовка за коктел**

**18:45 - 19:00** **Превезување од хотел „Континентал" до „Дом на АРМ"**

**19:00 - 21:00** **Коктел во „Дом на АРМ"**

**21:00 - 22:00** **Слободно време**

**22:00 - 22:15** **Превезување од „Дом на АРМ" до хотел „ Континентал"**

## ДЕН: 23 .0 4. 201 2 година

**08:45 - 09:00** **Превезување од хотел „Континентал" до „Дом на АРМ"**

**09:00-09:30 РЕГИСТРАЦИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ**

**ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА – Голема сала во Дом на АРМ**

**09:30 ОТВОРАЊЕ НА НАУЧНО-СТРУЧНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА**

**Воведно обраќање на претседателот на „Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста на Република Македонија"**

*Генерал во пензија Илија Николовски*

**Обраќање на претседателот Република Македонија**
*Д-р Ѓорге Иванов*

**Обраќање на Министерот за одбрана на Република Македонија**
*Д-р Фатмир Бесими*

**Обраќање на Началникот на генералштабот на Армијата на Република Македониај**
*Генерал мајор Горанчо Котески*

**09:50-10:00 ПАУЗА и заедничко фотографирање**

## 10:00 РАБОТА ПО СЕСИИ

## I СЕСИЈА: 10:00 - 12:00

**Модератор:** ***Вонреден професор д-р Стојан Славески, (Европски универзитет Здружение на дипломирани студенти од Република Македонија на европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ К. Маршал -Скопје)***

***Генерал потполковник (п) Митре Арсовски (претседател на Клуб на генерали - ЗВРОБ)***

**10:00 - 10:10 м-р Емил Димитриев, (Заменик министер за одбрана)**

**10:10 - 10:35 Бригаден генерал Gary E. Huffman, (претставник на здружената команда на силите на НАТО во Неапол и Националната гарда на Соединетите Американски Држави)**

**10:35 - 10:45 генерал Dennis Bleace, (поранешен висок претставник на НАТО во Република Македонија Обединето Кралство)**

**10:45 – 10:55 м-р Лазар Еленовски поранешен Министер за одбрана, (претседател на АТАМ и потпретседател на АТА ЕАСМ)**

**10:55 - 11:05 бригаден генерал д-р Димче Петровски, (директор на ГШ на АРМ)** Улогата на резервните сили во организациско-формацискиот состав на АРМ

**11:05 - 11:15 потполковник доцент д-р Методи Хаџи-Јанев, (Воена Академија- ЗВРОБ)** Новиот Стратешки концепт на НАТО: Можност за активирање на стратешката резерва на Република Македонија

**11:15 – 11:25 генерал потполковник (п) Стојан Топалов, (претседател на Сојуз на офицери и сержанти од запаса и резерва (СОСЗР)** Трансвормација на Вооружените сили на Бугарија и улогата на СОСЗР

**11:25 - 11:35 генерал потполковник (п) Митре Арсовски, (претседател на Клуб на генерали и ЗВРОБ)** Избалансираност на Вооружените сили (активен и резервен состав) во современата безбедносна средина, потребите и можностите на Република Македонија

**11:35 - 11:45 полковник д-р Мухамет Рацај, (ГШ на АРМ)** Концепт на резервни сили според новата трансформација на Армијата на Република Македонија

**11:45 - 12: 00 Дискусии**

**12:00 – 12:15 Кафе пауза**

## II СЕСИЈА:  12:15-13:40

**Модератор:** ***Полковник доцент д-р Методија Дојчиновски, (Воена Академија „генерал Михаило Апостолски" - ЗВРОБ)***
***Генерал мајор м-р Саби Сабев, Воена Академија „Раковски" (асооцијацијa НАТО студенти ), Бугарија***

**12:15 – 12:30 генерал мајор (п) д-р Стефан Димитров, (претседател на Сојуз на офицери на резервата СОР) „Атлантик„** Задачите на резервата во современата безбедносна средина

**12:30 – 12:35 генерал потполковник (п) Љубомир Драгањац, (претседател на Здружение на воени пензионери на Србија УВПС)**

**12:35 – 12:40 бригадир (п) Стипе Линиќ, (потпретседател на Асоцијацијата на резервните офицери на Хрватска СХЧЗ)** Резервната компонента на хрватската војска

**12:40 – 12:45 генерал мајор (п) м-р Саби Сабев, (Асоцијација на НАТО студенти Бугарија)** Учеството на резервата на вооружените сили на земјите во современите операции на НАТО и Европската Унија со менаџирање на кризи

**12:45 – 12:50 полковник (п) Јоан Стетцо, (генерален секретар на А.Р.О Романија)**

**12:50 – 13:00 полковник Мехди Погаци, (претседател на Националната асоцијација на воената резерва во Албанија )**

**полковник Јанез Бутура Доктрина на резервата на Армијата на Словенија**

**потполковник Радомир Виторовиќ (Министерство за одбрана на Црна Гора)**

**13:00 – 13:10 доцент д-р Марјан Николовски, (Факултет за безбедност-Скопје)** Процес на глобализацијата и ризиците и заканите по националната безбедност

**13:10 – 13:20 полковник м-р Љубе Дукоски, (Државен советник во МО)** Влијанието на НАТО и ЕУ на реформите на безбедносниот сектор на Република Македонија-.мисии на Армијата на Република Македонија

**13:20 - 13:40 Дискусии**

**13:40 - 15:00 Ручек**

## III СЕСИЈА:   15:00- 16:00

**Модератор:** ***Потполковник доцент д-р Методи Хаџи-Јанев (Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски"  ЗВРОБ)***
***м-р Јулијана Стојанова Министерство за одбрана***

**15:00 - 15:10      м-р Јулијана Стојанова, (Министерство за одбрана ЗВРОБ)** Психолошките подготовки значаен сегмент во циклусот на распоредување на персоналот кој се упатува во мисии во странство

**15:10 – 15:20      м-р Урим Вејсели, (Центар за управување со кризи ЦУК)** Системот на управување со кризи-улогата на Армијата (активна и резервна компонента)

**15:20 - 15:28   полковник м-р Миле Петровски,  (Воена Академија)** Современите воени операции и потребата од добро обучена резерва

**15:28 – 15:35   полковник Сашо Коцевски, (командант на резервна бригада на АРМ)** Можни предизвици во процесот на трансформација на резервните сили на АРМ

**15:35 – 15:40   потполковник Никола Клетников, (Воена Академија ЗВРОБ)** Структурирање на резервните сили на некои држави членки на НАТО и ЕУ, нивно учество во мировни операции за менаџирање со кризи и можно прилагодување кон условите на ВС на Република Македонијапо**м-р**

**15:40 – 15:45    Марјан Ѓуровски, (Факултет за безбедност-Скопје)** Резервниот состав на АРМ преку мировни мисии во поддршка на   глобалната безбедност

**15:45 – 15:50     полковник Кемо Ѓозо (Воена Академија ЗВРОБ)** Современи војни,  воени операции и ангажирање на резервни сили

**15:50 – 15:55      капетан 1.кл. во резерва Никола Грков, (Здружение на Армиски Ветерани – Кавадарци)**   Улогата на резервните сили  во организациско-формацискиот состав на АРМ

**15:55 – 16:15     Дискусии**

**16:15 - 16:30     Кафе пауза**

**16:30 - 16:45       Затворање на Конференцијата**

**Полковник Доц.Д-р Мухамет Рацај**

# КОНЦЕПТ НА РЕЗЕРВНИ СИЛИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО НОВАТА СТРУКТУРА (ИДЕЕН ПРОЕКТ)

## I. НАТО КОНЦЕПТ, НАЧЕЛЕН ДОКУМЕНТ НА РЕЗЕРВНИ СИЛИ.

### 1. ВОВЕД

Резервните сили составени од различни категории на персонал кои можат да се мобилизираат и кои не се редовно вработени со полно работно време во воената служба. Персоналот може да биде од доброволци, поранешни припадници или воени обврзници. Истите можат да бидат поставени во организирани единици или можат да служат индивидуално во подршка на активните единици.

Сега кога светот е во континуирана потполна промена на безбедносното опкружување на Северно Атлантската Алијанса, спектарот на мисиите со кои НАТО се соочува се со поголем ранг и предизвик од било кога. Во рамките на овој спектар, од страна на некои членки на Алијансата употребата на резервните сили се смета за сериозна опција за многу мисии. Останатите членки на Алијансата веќе во поголем размер ги користат персоналот и единиците од резервните сили во подршка на НАТО мисиите. Севкупната подготвеност на Алијансата не произлегува само од подготвеноста на нејзините активни сили туку и од одзивот и подготвеноста на резервните сили.

**клучни зборови:резервни сили, структурата, квантитетот, типот, финансирањето, употребата, обуката, повикувањето и искористувањето на резервните сили.**

### 2. ДОКУМЕНТИ НА НАТО РЕЗЕРВНИ СИЛИ

Со овие документи на НАТО му се пропишуваат насоки за можното учество на резервните сили во одбрана на интересите на НАТО, вклучувајќи обука, подготвеност и употреба на резервните сили во извршување на мисиите на НАТО. Со Документите се утврдуваат вредностите кои резервните сили можат да му ги донесат на НАТО и мерките кои се потребни за да се осигура дека резервните сили ќе го достигнат нивниот најдобар потенцијал. Документите исто така ги пропишуваат правата на секоја земја посебно.[1]

### 3. СТРАТЕГИСКО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО КОРЕЛАЦИЈА СО НАТО – РЕЗЕРВНИ СИЛИ

Во голема мерка земјите на алијансата ги имаат редуцирано нивните активни сили, а во некои случаи повикувањето регрути е ставено вон сила или е целосно укинато. Трендот за редукција на активните сили во земјите на НАТО ја зголемува важноста за резервните сили на НАТО. Со зголемување на важноста од регрутирањето на резервните сили истите продолжуваат да растат во рамките на Алијансата, растат и потребите за да НАТО подобро ги разбере и искористи нивните вродени потенцијали.

Постојат повеќе национални пристапи за структурата, квантитетот, типот, финансирањето, употребата, обуката, повикувањето и искористувањето на резервните сили. Нивната улога и можно вработување (употреба) во иднината, произлегува директно од стратегискиот концепт и особено од трите назначени мисии на НАТО: колективна одбрана, превенција на конфликти/кризен менаџмент и проекцијата на стабилност. Со сојузничките сили на различни нивоа на подготвеност, во повеќето случаи пониски отколку што беа порано, станува многу важно резервните сили да партиципираат во индивидуална обука, колективна обука и вежби. Во време на мир, резервните сили може да бидат ефективна алтернатива за одржување на големи веќе постоечки (активни) сили.

### 4. КОНЦЕПТ НА НАТО – РЕЗЕРВНИ СИЛИ

Повеќето од НАТО земјите резервните сили ги сметаат за дел од нивната национална воена моќност (способност). Резервните сили во земјите може да биде составена од различни категории на персонал, единици за какви што има потреба да се мобилизираат. Резервист е оној маж или жена на служба кој не служи полно работно време, а може да биде повикан за привремени воени активности. Тие можат да бидат доброволци, поранешни припадници или воени обврзници. Земјите на НАТО имаат различен пристап кон структурата на нивните воени сили. Врз основа на националната легислатива и системот за резервни сили,

[1] . NATO Publication Reserve Forces. October. 2007.

резервистите можат да имаат обрска да служат, или да служат на доброволна основа.

Во зависност од националните потреби Резервните сили може да се распоредувааат со активните сили во зоната на операции. Резервните сили исто така можат да се распоредуваат како индивидуално така и колективно превземајќи ги должностите од активните сили во зоната на операции. Националната политика може да биде да се пополнуваат активните единици со персоналот од резерва или во некои случаеви резервните единици можат да бидат пополнети со активни сили.

Исто како и воениот персонал и одговорните членови на нивната заедница, и резервистите се вредносни ресурси на НАТО. Освен нивното воено искуство тие може да имаат предност поради нивната стручност која може да помогне на НАТО земјите да се воспостават блиски врски помеѓу војската и цивилната зедница. Повеќето од резервистите имаат стручни знаења кои можат да бидат корисни, како медицина, машинство, логистика, право, познавање на странски јазици, односи со јавноста, системот за менаџирање.

По назначувањето на резервистите за активна служба во НАТО, земјата е одговорна да обезбеди тие лица да бидат оспособени да ги извршуваат задачите по пропишаните стандарди. Откако ке ги достигнат, не треба да има никакви пречки што се однесуваат на способностите на резервистите да извршуваат должности за подршка на НАТО мисиите.

## 5. ОБУЧЕНОСТ И ПОДГОТВЕНОСТ НА НАТО – РЕЗЕРВНИ СИЛИ.

Резервните единици или лица поставени за подршка на националните или НАТО операциите, многу е важно да бидат обучени и по пропишан подготвителен период да бидат подготвени за извршување на воените мисии кои им се доделени. Плановите за обука на секоја земја треба да инсистирааат на обука со персоналот од резервата, за да како последица од тоа, по пропишан подготвителен период, тие бидат подготвени како и активниот персонал, особено ако земјите имаат намера да ги употребат нивните резервни сили во подршка на НАТО мисиите.

Резервните сили можат да го заменат активниот персонал или да ги зајакнат активните единици и резервните единици, можат да ги заменат или да ги зајакнат активните единици во НАТО мисиите само откако тие ќе се подготват и ќе ги достигнат бараните норми за подготвеност. Програмите за поединечна и колективна обука потребни за да се достигнат нормите за подготвеност се базирани врз основа на експертиза и искуство на земјата членка и се во нејзина одговорност.[2]

## 6. НАТО РЕЗЕРВНИ СИЛИ И НИВНОТО УЧЕСТВО ВО ОПЕРАЦИИ.

Порано само неколку НАТО земји вршеа ангажирање на резервата во национални и комбинирани мисии заедно со активниот персонал. Денеска се повеќе и повеќе резервни сили учествуваат во хуманитарни и други операции за подршка на мирот. За персоналот распореден во единиците или за подршка на главните штабови, околностите под кои се одвива операцијата даваат непроценливо искуство и за активниот и за резервниот персонал. Искуството стекнато на бојното поле е незаменливо.

Резервните сили можат да ги пополнуваат потребите од луѓе во единиците или на ниво на главни штабови, ако е тоа потребно. Резервистите кои се дополнително специјализирани, а чии што квалификации можеби не се потребни во активните единици и штабови, се од огромно значење за НАТО, особено во контекст на неговите нови мисии. [3]

## 7. НАТО СОВЕТОДАВНИ И ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДРШКА ЗА ПРАШАЊА ЗА РЕЗЕРВАТА

ЦИОР (Центар (здружение) на офицерите од резервните сили) е независно здружение на резервните офицери од здруженијата од земјите членки. ЦИОР е одобрено од НАТО како МЦ 248/1, а со цел за давање совети за соодветна употреба на резервистите, континуирано усовршување на властите на НАТО за резервните сили на земјите членки и мотивирање на секоја земја членка за развој на нејзините резервни сили.

НРФЦ (Комитет на резервните сили на земјите членки) одобрен како НАТО комитет МЦ 392, формално и званично работи советодавно во врска со прашањата од областа на резервата за МЦ и неформално како форум за дискусија од областа на резервните сили и резервниот персонал, а во врска со прашањата кои се од взаемна полза. НРФЦ дава свои совети и подршка за ЦИОР со

[2] NATO Publication. Sustainment Planning Module(SPM)- Tutoral. June 2007.

[3] NATO Publication, Allied Deployment and Mouvement Sistem AJP- 4 (A). December 2003.

помагање во нивните активности за подршка за постигнување на целите на алијансата и совети за МЦ во согласност со сегашните НАТО документи за протокол.

НРФЦ и ЦИОР делат заеднички интерес за обезбедување на квалитетни резервни сили во согласност со националната полиса за резервата. Работата на секоја од организациите, а заради нивната важна улога во подршката на НАТО, треба да се надополнува и да се води во духот на партнерство, особено кога нивните барања се приближни.

## 8. ВЛИЈАНИЕТО НА РАЗНИ ВИДОВИ НА ФАКТОРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИИТЕ НА УСПЕШНИ НАТО – РЕЗЕРВНИ СИЛИ

Одзивот на резервистите, дали за НАТО мисиите или за нивната периодична обука, зависи од многу важни фактори, како што се политичката волја, охрабрувањето и помошта од заедницата, подршката од работодавачот. Националната легислатива треба не само да ги објасни прашањата од аспект на статусот на резервистите, обврските, правата, социјалните и воените придобивки, но исто така да ги опфати подршката за семејството и обезбедување на вработување во цивилството.

Програмите за подршка на работодавачите ја зголемуваат цивилно-воената координација и соработка. Нациите се охрабруваат да ги развиваат програмите за подршка на работодавачите, скроени врз специфичностите на нивната култура и потреби. НАТО властите имаат можност да играат важна и активна улога за почит, со претставување на погледите на сите нации на Алијансата, на интернационално ниво, кога и да бидат побарани.

# II. КОНЦЕПТ НА РЕЗЕРВНИ СИЛИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ИДЕЕН ПРОЕКТ)

## 1. ПОЈДОВНА ОСНОВА И ЦЕЛ НА КОНЦЕПТОТ

Појдовна основа за изработка на Концептот за резервни сили се: Уставот на Републиката, Законот за одбрана, Националната концепција за безбедност и одбрана, Стратегискиот одбранбен преглед (во понатамошниот текст: СОП), Белата книга на одбраната, Министерските насоки за изработка на долгорочен и среднорочен план за развој на одбраната, како и други позитивни прописи.

Концептот е долгорочно насочена за изградба на РС согласно можностите и ресурсите на Република Македонија и визиите за нивно ангажирање во мисиите и исполнување на општите цели за:

- Одбраната на земјата и алијансата;
- Операции за подршка на мирот и хуманитарна помош;
- Придонес во справување со регионални конфликти и кризи;
- Заштита на пошироките интереси на Р.Македонија.

Целта на овој Концепт е да обезбеди општа рамка за важноста, задачите, обуката и ангажирањето на РС во целост, како и нивните договорно превземени обврски, при тоа имајќи ги во предвид принципот на еднаква и правична застапеност на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, половата припадност, како и нивните договорно превземени обврски. [4]

## 2. ВАЖНОСТ, УЛОГА И НАМЕНА НА РЕЗЕРВНИТЕ СИЛИ (РС) НА АРМ

Согласно новата констелација на односите во регионот и пошироко, Република Македонија како земја партнер на НАТО ќе распоредува сили за мисии во услови на конфликт и мир. Во согласност со идентификуваните закани, кои се широко прифатени, активната компонента на армијата неопходно е да се надополни со резервна, способна за извршување на широк спектар на операции било на ниво на поединец или на штаб, команда односно единица.

Резервните сили ќе имаат важна улога во извршувањето на сите видови мисии кои денешните армии се повеќе и повеќе ги извршуваат заради одржување на мирот и стабилноста. Со оглед на фактот дека обврската за задолжително служење на воениот рок во Република Македонија веќе е укината, како и трендот на намалување на активниот состав, улогата на РС во системот на одбраната добива се поголемо и поголемо значење.

[4] Концепт на Резервни сили на Армијата на Република Македонија, Нацрт, Септември, 2007.

Во тој случај резервните сили ќе бидат надополна на активниот состав на Армијата за учество во мисии во земјава и странство за што истата ќе биде обучена, оспособена и ангажирана исто како и активниот состав. Согласно превземените обврски на МО и АРМ за учество во мисии во странство, учеството на РС ќе биде од особена важност. Во таа смисла, личните квалификации и способности на секој резервист ќе бидат од големо значење за негово правилно, квалитетно и соодветно ангажирање.

Во овој контекст, исто така треба да се земе во предвид дека во случај на учество на армијата во справување со кризни состојби времето за ангажирање на РС ќе биде во согласност со карактерот и обемот на кризата. [5]

## 3. ГОЛЕМИНА И СТРУКТУРА НА РЕЗЕРВНИТЕ СИЛИ НА АРМ

Користејќи ги искуствата од земјите членки на НАТО, а заради усогласување на нашите со нивните решенија, за потребите на одбраната на Република Македонија ќе се формира договорна резерва.

Предмет на Концептот е договорната резерва која ќе се состои од активна и индивидуална договорна резерва. Односот на активната во однос на индивидуалната договорна резерва, како и содносот на офицери, подофицери и војници ќе биде во согласност со потребите на АРМ.

Под поимот договорна резерва се подразбираат лицата кои склучиле договор со МО за ангажирање во составот на РС и подлежат на правата и обврските пропишани со договорот кој го имаат потпишано.

Под Активна договорна резерва се подразбираат лицата кои склучиле договор со МО за нивно ангажирање во составот АРМ, под услови, критериуми и обврски за ангажирање, пропишани со договорот.

Под Индивидуална договорна резерва се подразбираат лицата кои се договорно ангажирани за потребите на РС, а се карактеризираат со поседување посебни квалификации потребни за исполнување на задачи од посебен вид, а подлежат на условите, критериумите и обврските за ангажирање, пропишани со договорот.

За потребите на РС на АРМ, резервата на полициските сили (вклучувајќи ја и граничната полиција), силите за заштита и спасување (републички и просторни) и другите структури во одбраната, МО ќе води воена евиденција за сите граѓани на возраст од 18 до 55 години старост кои што го отслужиле воениот рок по основ на воена обврска, кои доброволно го отслужиле воениот рок, кои го напуштиле активниот состав на Армијата по било која основа и кои претходно доброволно договорно биле ангажирани во резервниот состав, а не се ангажирани по други основи.[6]

## 4. МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ

Припадниците на договорната резерва ќе се избираат по пат на конкурс, според пропишани критериуми и со истите ќе се потпишуваат договори со Министерството за одбрана за взаемни обврска на период од 3 години, со можност за продолжување, во зависност од ВЕС-ти и потребите на армијата. Пред потпишувањето на договорот ќе се врши проверка на податоците, безбедносна проверка, како и бесплатни здравствени прегледи.

Новост во управно-правната постапка во споредба со досегашниот начин на организирањето на РС е потребата да се склучуваат договори помеѓу Министерството и работодавците. Заради заштита на правата на договорната резерва кои склучиле договор за ангажирање во резервните сили, кои се во редовен работен однос или вршат самостојна дејност, Министерството за одбрана согласно критериумите кои ќе бидат определени со подзаконски акти од Владата на Република Македонија, ќе склучува договори со работодавецот и поединецот за начинот на рефундација на изгубен профит и разлика во примањата на припадникот на РС.

Припадниците на договорната резерва може да бидат ангажирани и за мисии надвор од Републиката без потпишување на нов договор, бидејќи таа клаузула ќе се содржи во договорот за ангажирање.

Министерството за одбрана ќе ги има следните надлежности: воена евиденција, распоредување, кадровските постапки за договорната резерва, управна постапка, материјална и здравствена

[5] Министерските насоки за изработка на долгорочен и среднорочен план за развој на одбраната, Јули,
2007.

[6] Белата книга на одбраната на Република Македонија, Сптември, 2005.

поддршка. За договорната резерва ГШ на АРМ ќе ги има следните надлежности: повикување за оспособување и ангажирање, оспособување за извршување на наменски задачи, произведување во чин, поставување на должност и употреба во согласност со пропишаните мисии.

## 5. ОБУКА НА РЕЗЕРВНИТЕ СИЛИ

Обуката на резервните сили на Армијата, треба да обезбеди продуцирање на кадри подготвени да одговорат на задачите кои се предвидени со мисиите за кои се наменети. Заради тоа програмата за обука треба да биде оперативна, содржајна, континуирана и концизна и според стандардите за обука на резервните сили на земјите членки на НАТО.

Основното оспособување, дообуката и групното дооспособување на припадниците на договорната резерва ќе биде организирано од професионалниот дел на Армијата, чија практична реализацијата ќе биде во непосредна надлежност на командите и единиците определени од страна на ГШ на АРМ.

За дооспособување на РС пред упатување на мисија во странство ќе се врши соодветна дообука и оценување на нивната подготвеност по посебен план кој ќе го изработи ГШ на АРМ.

## 6. МОБИЛИЗАЦИЈА

Во случај на прогласување на воена состојба ќе се употребат и РС на АРМ, кои мора да бидат целосно мобилизирани во случај на повик. За начинот на извршувањето на мобилизацијата Министерството за одбрана ќе подготви нормативен акт со кој ќе се регулираат сите прашања од делокругот на мобилизацијата.

Наредба за мобилизација на договорната резервата донесува Врховниот командант на Армијата (Претседателот на Државата) по предлог на Владата на Републиката. Во мир, за проверка на мобилизациската подготвеност на делови од РС, врз основа на донесен годишен план, одлука донесува Министерот за одбрана.[7]

## 7. ИДНИ ПРОЕКЦИИ И РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

Организираноста на резервниот сили на Армијата се засновани на барањата на општата безбедносна, посебно надворешната политика на Републиката и низ овој процес проверени и верификувани погледи, ставови, насоки и заклучоци, со учество на целокупната домашна јавност и сите наши граѓани, како и соработката и координацијата помеѓу најодговорните државни институции од оваа област.

Под поимот кариера се подразбира процес на движење по хоризонтална и вертикална линија преку чинови и должности, утврдени во законот за служба на АРМ и актите за формација на командите и единиците на АРМ. Кариерата започнува со потпишување на договор и завршува со престанување на важноста на истиот.

Менаџментот со кариерата на персоналот на РС ќе вршат истите органи кои вршат менаџмент со персоналот на активниот состав.

## 8. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Динамичкиот план за реорганизација на РС, заснован на мисиите, и расположивите ресурси со кои располага Република Македонија ќе обезбеди системско намалување на сегашната резерва на армијата и организирање на проектираната договорна резерва, имајќи ги во предвид Министерските насоки. Во таа смисла неопходно е:

- Да се извршат измени и дополни на Законот за одбрана и Законот за служба во АРМ во делот на Резервните сили и делот кој ги содржи надоместоците за РС (од Законот за служба во АРМ) со определен рок на извршување;
- Да се извршат измени и дополни на повеќе законски прописи од одбранбено, пензиско и работно подрачје;
- Изработка на подзаконски акти за РС кои ќе произлезат со измените и дополните на Законот за одбрана и Законот за служба во АРМ во рок од три месеци од донесување на измените;
- Изработка на програма за популаризација и информирање на јавноста за формирање на РС соопределен рок на изработка;
- Со селекција на персоналот за РС да се отпочне по изработка на програмата;
- Изработка на договори за ангажирање да се отпочне по завршување на селекцијата на персоналот;

[7] Закон за одбрана, (“Службен весник на РМ“ бр.58/2006.).

- Со обука на персоналот примени во сосав на РС да се отпочне по приемот на персоналот.

### 9. ЕВАЛУАЦИЈА

За имплементација на овој Концепт има потреба од негово следење со цел воочување на отстапувањата и недостатоците и преземање на соодветни мерки за нивно навремено отстранување. За таа цел од особено значење ќе бидат научените лекции од неговата имплементација и размена на искуства со странските армии.

Министерството за одбрана во координација со ГШ на АРМ, во рамките на нивните надлежности, ќе вршат мониторинг и евалуација на овој концепт и ќе даваат предлог решенија за негово унапредување.

### 10. ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Стабилното финансирање на одбраната е првиот предуслов за успешно продолжување на натамошната трансформација на АРМ и МО. Во таа насока, Владата на Македонија е определена за одржување на буџетот за одбраната на соодветно ниво заради обезбедување на долгорочно дополнително финансирање на меѓународните операции на АРМ од централниот буџет на Владата на Македонија.

Финансиските трошоци потребни за воспоставување и организирање на договорна резерва ќе бидат дел од планираниот буџет на Министерството за одбрана на Република Македонија. Преодот на модел со целосна професионализација на Армијата со договорна резерва, потребно е постепено да се изведе така да не претставува големо финансиско оптоварување, а притоа да не се одрази негативно на одбранбената готовност на Армијата на Република Македонија.[8]

## III. РЕЗЕРВНИ СИЛИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА 2012 ГОДИНА (идеен проект)

### 1. МИСИЈА

Резервните сили на АРМ како единица во состав на ЗОК се наменети да по извршената мобилизација според Планот за мобилизација ја реализираат обуката на воениот персонал, извршат подготовка на единицата со цел заштита на суверенитетот, територијалниот интегритет и интересите на Република Македонија и даваат поддршка на цивилните власти при отстранување на последиците од елементарни непогоди и природни катастрофи. Надвор од територијата на Република Македонија со дел од единицата учествуваат во мисии за поддршка на мирот и хуманитарни операции.

### 2. ЗАДАЧИ

- Планирање и организација
- Планирање и употреба
- Планирање и спроведување на обука и вежби
- Планирање и спроведување персонален менаџмент
- Разузнавање, контраразузнавање и безбедност
- Логистичка поддршка
- Организација и подготовка на КИС
- Планирање на финансиски средства
- Цивилно воена соработка
-

## IV. ЗАКЛУЧОК

НАТО резервните сили се и ќе бидат континуирано важен елемент на Алијансата.Таа компонента му овозможува на НАТО значајни воени способности и корисно поврзување со цивилното општество. Со растечката улога на овие граѓани-војници, НАТО документот за резервните сили, ќе го засили извршувањето на НАТО мисијата. За реализација на поставената цел и потреба, Република Македонија ги дефинира основните цели кои треба да се постигнат, а тоа се: прилагодување на

[8] Правилник за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерство за одбрана,
Јули, 2006.

целокупната општествена структура според вредностите и стандардите, но и нормите и моделите кои се применуваат во земјите членки на НАТО и ЕУ.

Трансформацијата на АРМ и нејзино доведување до целосна професионална структура, доведе кон напуштање на концептот на „народна одбранбена сила“ и создавање на модел на модерна, мобилна, добро обучена и мотивирана професионална армија. Тоа ја наметна и потребата од трансформација и на резервните сили на АРМ, односно потребата да се изработаат концептуални измени во организирањето на РС и тоа од обврска за служење на граѓаните во резервниот состав да се премине во организирање на резервни сили на доброволен принцип со договорно дефинирани взаемни обврски.

**Литература:**


1. Концепт на Резервни сили на Армијата на Република Македонија, Нацрт, Септември, 2007.
2. Министерските насоки за изработка на долгорочен и среднорочен план за развој на одбраната, Јули,
2007.
3. NATO Publication Reserve Forces. October. 2007.
4. NATO Publication. Sustainment Planning Module(SPM)- Tutoral. June 2007.
5. NATO Publication, Allied Deployment and Mouvement Sistem AJP- 4 (A). December 2003.
6. Белата книга на одбраната на Република Македонија, Сптември, 2005.
7. Закон за одбрана, (“Службен весник на РМ“ бр.58/2006.).
8. Правилник за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерството за одбрана,
Јули, 2006.